# Вести од светот
## за млади и возрасни

2020 • **ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ТРАНСЕВРОПСКА ДИВИЗИЈА





# Содржина

**Насловната страна:** Ојстин Хоганвик (61) со децении работел како земјоделец во Норвешка. Тој го запознал Исуса на еден поинаков начин. Денес Ојстин работи како пастор во две цркви. Приказната за него можете да ја прочитате на 22 страница од нашето списание.


БУГАРИЈА

4 Исплашен атеист / 4 април T

6 Еден адвентист на 10 000 луѓе / 12 април T

8 Назад на училиште / 18 април T

ПОЛСКА

10 Двајца неочекувани синови / 25 април

12 Една лоша одлука / 2 мај

ФИНСКА

14 Пријател со луѓето без пријатели во Финска / мај 9

16 Атеист сведочи за Христа / 16 мај

18 Демони и смрт / 23 мај T

НОРВЕШКА

20 Дискусија за маица / 30 мај T

22 Проповедање на слепи / 6 јуни T

ИРСКА

24 Зошто да страдаме? / 13 јуни T

ТРАНСЕВРОПСКА ДИВИЗИЈА

26 Проштавање по развод / 20 јуни T

КИПАР

28 Програма на 13-тата сабота: Дружење со чистач на чевли / 27 јуни

30 Идни проекти 13 сабота

32 Карти


T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Нашите дарови на дело



Пред три години, дел од даровите на 13-та сабота беа употребени за да се отвори младински центар во адвентистичката црква Бетел во Осло. Прочитајте го искуството од Норвешка на 20 и 22 страна од вашето списание.

Seventh-day Adventist Church®


© 2020 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved



12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе биде посветено на Трансевропската дивизија (ТЕД), во која се наоѓаат дваесет и две држави: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Данска, Естонија, Финска, Грција, Унгарија, Исланд, Ирска, Латвија, Литванија, Република Македонија, Црна Гора, Холандија, Норвешка, Полска, Србија, Словенија, Шведска и Велика Британија.

Во оваа област живеат 205.8 милиони луѓе, вклучително и 87.867 верници на Адвентистичката црква, што претставува сооднос од 1 адвентист на секои 2.342 луѓе.

Трите проекти на 13-тата сабота во оваа дивизија, се одвиваат северно од Арктичкиот круг во Норвешка, потоа на југ, на островот Кипар во Средоземното Море и на исток во Србија.

Јас ги посетив сите места кои ќе добијат средства од даровите на 13-тата сабота за лично да ги слушнам вистинските животни приказни за тоа како Божјата сила го менува животот на луѓето во овие три земји. Исто така, ги посетив и Полска, Ирска и Финска, кои примија средства од даровите на 13-та сабота пред три години.

Искуствата од овие држави можете да ги најдете во ова списание, како и во Детското мисионско списание. Откако ги слушнав нивните приказни, повеќе од кога било, убеден сум дека Исус наскоро ќе дојде. Верувам дека и вие ќе бидете убедени со тоа кога ќе прочитате што прави Бог во Трансевропската дивизија.

### Посебни карактеристики

Ако сакате својата саботна школа да ја направите поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/adultmission или да читате на Фејсбук. Посетете ја и нашата фејсбук страница: Facebook.com/missionquartelies.

За фотографии од туристички локалитети и други сцени од истакнатите земји, ви препорачувам да пребарувате на бесплатна банка за фотографии, како што се pixabay.com или unsplash.com.

Исто така, можете да ја преземете PDF-верзијата на Мисионското списание за млади и возрасни на bit.ly/adultmission и видеата од Mission Spotlight видеа на bit.ly/missionionspotlight.

Ако сте пронашле особено ефективни начини да ги споделите искуствата за мисијата или ако можам да ви помогнам, контактирајте ме на mcchesneya@gc.adventist.org.

Ви благодарам што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот, и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарувања.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!



*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*

## Можности

***Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за:***

- Отворање на Центар за влијание во Сортланд, Норвешка.
- Основање на црква во Нов Белград, Србија.
- Изградба на црква и центар на влијание во Никозија, Кипар.





# Исплашен атеист

БИЛЈАНА МИЈАТОВИЌ, 47

Билјана Мијатовиќ, иако со атеистичко сфаќање, за прв пат почнала да се моли на дваесет години кога видела една своја братучетка како се бори со натприродни сили.

Билјана слушнала за овој проблем од друг роднина.

„Светлинка полуде“, ѝ рекол тој.

„Што се случило?“ прашала Билјана.

Била зафатена со студирање и извесно време не се виделе со Светлинка, иако тие биле сосетки во стан на две нивоа во предградието на главниот град на Србија, Белград.

Роднината на Билјана ѝ рекол дека Светлинка му кажала оти слуша некакви гласови. Гласовите не зборувале ништо значајно, но ја поттикнувале на постојани мали разговори. И сопругот на Светлинка исто така можел да ги слушне гласовите, а нивната тригодишна ќерка страдала од болки во стомакот.

Роднината ѝ рекол дека има дури и повеќе работи во врска со тоа. Светлинка му кажала дека слуша и чукање по ѕидовите и чкрипење. Таа имала чувство како да се смалува до големина на глувче и се движи низ куќата како малечка личност и дека, додека се движи низ градот, има чувство како да се движи по вода до половина на својот струк и дека минувачите можеле да поминат низ неа.

Загрижена за сè што ѝ се случува, Светлинка побарала помош од доктори. Тие ѝ дале некои лекови што правеле таа да спие, но не ги решавале проблемите со кои се соочувала.

Роднините ја воделе Светлинка по манастири, а и свештеници доаѓале во нејзиниот дом. Еден свештеник ѝ ставил Библија на главата, а друг крај нозете во обид да изврши егзорцизам.

Како што поминуваале неделите, Светлинка ја губела силата и повеќе не можела да застане на своите нозе. Деновите ги минувала в кревет.

Билјана се вознемирила кога ја чула оваа вест, но не знаела што да прави. Како атеист, таа не верувала дека постои Бог, ѓавол или некои натприродни сили.

Сметала дека Светлинка страда од психолошки проблеми. Чувствувајќи жал за нејзината состојба, таа одлучила да ја посети.

Билјана видела дека влезната врата е отворена и влегла. Светлинка лежела на креветот. Била многу возбудена кога ја видела својата посетителка.

„Немам психолошки проблеми!“ извикала таа. „Тажна сум што никој не ми верува“.

Говорејќи јасно и кохерентно, таа ги опишала нејзините чудни случувања.

„Зошто морам да земам лекови кога сум здрава?“ ѝ рекла таа. „Јас сум нормална. Спијам по цел ден поради овие лекови. Мене ми е потребен друг вид на помош.“

Како што ја слушала, Билјана станувала сè поубедена дека Светлинка ја кажува вистината.

„Дали сакаш да се молам за тебе?“ ја прашала братучетка си, и самата изненадена од сопственото прашање. „Почнав да одам во една христијанска црква и слушнав дека Бог може да помогне во најразлични ситуации. Кога нема ништо повеќе што можеме да направиме, можеме да се молиме“. Иако Билјана не верувала во Бога, таа една сабота отишла на богослужение во Адвентистичката црква во Нов Белград. Почнала да оди таму за да бара одговори за смислата на животот.

Светлинка со задоволство ја прифатила понудата да се моли: „Да, би ти била благодарна ако се молиш за мене“, ѝ рекла таа.

Враќајќи се во својот дом, Билјана клекнала на колена и се молела. „Боже, ако постоиш, те молам заштити ме од демоните“, изустила таа.

Додека ги изговарала тие зборови, се прашувала зошто е на своите колена. Не било природно за неа да клекнува, па помислила дека можеби почнала да го губи разумот.

„Те молам, помогни ѝ и на Светлинка, заштити ја“, молела таа.

Следниот ден, кога се вратила од универзитетот, ја посетила Светлинка, која била на нозе и ги миела прозорците во својот дом. Билјана

## Во врска со искуството

1. Погледнете го видеоклипот со Билјана на YouTube: bit.ly/Biljana-Mijatovic.
2. Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/scared-atheist).
3. Сликите за проектите на 13-тата сабота се достапни на: bit.ly/ted-13th-projects.

се изненадила. Бог одговорил на нејзината молитва.

Светлинка се ослободила од злите сили и никогаш повеќе не ја измачувале. Билјана била пресреќна. Од тој момент, таа му дала ветување на Бога, што било ехо на заветот што Јаков го склучил со Бога: „Ако Бог остане со мене и ме запази на патов, по кој одам; и ми даде леб да јадам и облека да се облекувам, така што да се вратам здрав во татковиот дом, Господ ќе биде мој Бог“ (1. Мојсеева 28,20.21).

Едно утро, Билјана се разбудила со вера во своето срце. Таа повеќе не се сомневала во постоењето на Бога. Му го предала срцето на Исус и наскоро се крстила.

Билјана, која сега има 47 години, работи во осигурителна компанија и е активен верник во црквата во Нов Белград.

„Во мојата мисионска работа, големо задоволство за мене беше кога гледав како Бог на различни начини дејствува и им помага на многу личности од моето детство. Во своето искуство видов како Бог трпеливо и упорно работи на секој човек. Бог нека ни помогне да ги запознаеме луѓето што Тој ги води, за да можеме да им сведочиме, да ја слушнат Неговата реч и да одговорат на Неговиот повик за спасение“.

Билјана е верник на црквата во Нов Белград, која ќе добие дел од средствата на 13-тата сабота од ова тримесечје, со кои ќе можат верниците да купат своја црковна зграда.

Оваа црковна заедница се собирала во изнајмена кино-сала во времето кога била основана во 1993 година. Во моментов таа ја користи црковната зграда на друга Адвентистичка црква во близина на Нов Белград.

Ви благодарам што планирате великодушно да ги приложите вашите дарови на 13-тата сабота.





# Еден адвентист меѓу десет илјади луѓе



РАДЕНКО МЕЛОВИЌ, 58

Одењето на универзитет било големо искуство за Раденко Меловиќ. Тој го напуштил селото на неговите родители, и се преселил 300 километри понатаму во преполниот универзитетски дом, со уште 10.000 други студенти во Белград.

Раденко се забавувал и не учел многу.

Првата година поминала, а тој немал положено ниту еден испит.

За да избегне да биде исфрлен од студентскиот дом, тој го префрлил својот главен испит на следната академска година.

Поминала и таа учебна година, а тој сè уште не успеал да даде ниту еден испит.

Раденко одлучил да ги промени студиите.

Поминала и третата година, и тој не положил ниту еден испит.

Наместо да учи, се забавувал. Пиел, пушел, излегувал со пријателите. Тој бил популарен студент, избран за претседател на студентското тело.

Во текот на четвртата година, се случила трагедија. Неговата сестра починала за време на породувањето.

Раденко бил скршен. Сестра му била како ангел во семејството. Тој не знаел што да прави. За прв пат во неговиот живот, искрено се молел. Го молел Бога да му го открие вистинскиот пат за неговиот живот.

Меѓу 10.000 студенти кои престојувале во студентскиот град, имало и една девојка по име Емилија која одела во адвентистичката црква. Кратко време по молитвата, еден пријател ги запознал.

Емилија веднаш почнала да му зборува за Бога. Таа не сакала да разговара за ништо друго. На Раденко му рекла дека е верник во адвентистичката црква, а тој никогаш не слушнал ништо околу тоа.

Емилија го поканила да дојде со него во црква таа саботата, и тој се согласил.

Раденко ја следел богослужбата и на крајот, додека си заминувал, го запрел пасторот за млади и го прашал, „Дали би сакале да ја проучувате Библијата?“

Раденко никогаш порано не ја читал Библијата. Тој договорил средба со пасторот во вторник навечер.

Кога завршил првиот библиски час, Раденко искусил нешто необично. Се чувствувал како да може да полета. Тој слушал за учења што ја гаснеле неговата долотрајна жед.

Пасторот за млади и Раденко се состанувале од седмица во седмица за да ја проучуваат Библијата. И тогаш, на ред дошло проучувањето за саботата.

Раденко бил шокиран кога дознал дека, според Библијата, саботата е ден за одмор. Следниот ден, тој отишол кај православен свештеник за да го потврди ова свое ново сознание.

„Дали знаете кога воскреснал Исус?“ прашал свештеникот.

„Во недела“, одговорил Раденко.

„Од оваа причина ние ја славиме неделата“, рекол свештеникот.

Раденко му кажал на пасторот за разговорот со свештеникот. Пасторот му објаснил дека Исусовата смрт и воскресение не го промениле законот. Четвртата заповед сè уште вели дека седмиот ден е сабота.

Раденко се вратил кај свештеникот, но не можел да го најде. Друг свештеник го слушнал неговото прашање. „Нашите свети отци се одлучија за неделата, и јас не ја доведувам во прашање нивната одлука“, одговорил тој.

Раденко бил изненаден од одговорот.

„Кој има поголем авторитет, Библијата или Светите Отци?“ – прашал тој.

Свештеникот одбил да одговори.

За Раденко, Библијата имала поголем авторитет.

Денес Раденко има 58 години, оженет е и дипломирал на универзитетот. Тој го сака Божјиот закон. Во својата Библија, со син маркер го подвлекол стихот што го прочитал пасторот при неговото крштавање.

„Да не се одделува од устата твоја оваа книга на законот; туку поу-

чувај се од неа дење и ноќе, за да разбереш како ќе го извршуваш сè она, што е напишано во неа; зашто тогаш ти ќе имаш успех во твоите патишта и умно ќе постапуваш“ (Исус Навин 1,8).

Емилија, неговата пријателка од студентскиот град, била изненадена и одушевена кога по 30 години дознала дека семето што таа го посеала донело плод. Таа го напуштила студентскиот град по средбата со Раденко и тие изгубиле секаков контакт еден со друг.

Раденко верува дека мисијата на Емилија била нему да му посведочи за Евангелието.

„Навистина беше чудо што се сретнав со единствениот адвентист меѓу 10.000 луѓе“, вели Раденко. „Но знам дека тоа беше Божји одговор кога го замолив да ми го покаже вистинскиот пат во животот“.

Раденко е еден од старешините во црквата во Нов Белград, која ќе добие дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје, со кои верниците во ова место ќе можат да добијат своја црковна зграда. Оваа црква се собирала во изнајмено кино, уште од времето кога е основана во 1993 година. Таа сега ја користи зградата на друга Адвентистичка црква во близина на Нов Белград.

Благодарам што планирате несебично да ги дарувате своите средства на богослужението во 13-тата сабота.

## Во врска со искуството

1. Види го видеоклипот за Раденко на YouTube: bit.ly/Radenko-Melovic.
2. Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/one-adventist-in-10000).
3. Сликите на проектот имаат 13 сабота достапни на : bit.ly/ted-13th-projects

## Брзи факти

1. Никола Тесла, како еден од најважните пронаоѓачи во светот, бил Србин. Тесла направил големи откритија во областа на електро-брановите и магнетизмот. Неговото име се користи како единица на магнетна индукција. Кога Алберт Ајнштајн ја добил Нобеловата награда, еден новинар го прашал: „Како изгледа да се биде најпаметниот човек на светот?“ Тој одговорил: „Не знам. Прашај го Никола Тесла“. Еден модел на електричен автомобил го носи неговото име.

СРБИЈА | 18 април 2020

# Назад на училиште

Данијела Маринковиќ, 41



Родителите на Данијела не заминале на колеџ откако завршиле средно училиште, па затоа една од најголемите нивни желби била да ја видат нивната ќерка да дипломира на универзитет.

Сепак, Данијела се побунила против она за што сметала дека се неправедни очекувања.

„Не е ваша одлука, тоа е моја“, изјавила таа. „Јас ќе правам со мојот живот што сакам“.

Сепак, за да ги израдува родителите, таа запишала руски јазик на универзитетот во Белград. Бидејќи тоа не бил нејзин прв избор, студирала со половина срце и набргу ги напуштила студиите.

Сепак, Данијела не била особено загрижена. Имала дваесет години и лесно нашла работа во локалниот центар за повици на меѓународна телекомуникациска компанија.

Во текот на следните неколку години, таа се омажила за верник на Адвентистичката црква и се средила. Сепак, работата не ја радувала. Било здодевно, немало креативност ниту динамичност. Така, почнала да се плаши од секојдневната рутина.

Рутината била прекината кога родила син. 20-годишната мајка ја напуштила работата во период од три години заради породилно отсуство. За тоа време, многу размислувала. Не можела да си замисли да го поминува остатокот од својот работен век на работа за која сметала дека е здодевна и празна. Во срцето жалела кога се сетила дека неразумно го напуштила универзитетот. Без универзитетска диплома, опциите за работа биле ограничени.

Тоа лето, пред да заврши породилното отсуство, Данијела и нејзиното семејство ги посетиле нејзиниот татко и неговата нова сопруга во Северна Македонија. Татко ѝ се оженил по разводот.

## Во врска со искуството

1. Види го видеоклипот за Даниела на YouTube : bit.ly/Daniela-Marinkovic.
2. Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци ADAMS (bit.ly/back-to-school-ted).
3. Можете да симнете слики од проектите на 13-тата сабота на bit.ly/ted-13th-projects.

## Брзи факти

1. Првите трактати на српски јазик биле испечатени во Хамбург од 1893 до 1896 година, иако немало крстени верници во Србија.

Нејзината маќеа, психолог, ја охрабрила Данијела да се врати на универзитетот.

„Зошто не се подготвиш за приемниот испит и не се запишеш повторно на универзитет?“ - прашала таа.

„Но, јас имам дете, семејство и дом да се грижам“, се пожалила Данијела. „Треба да се вратам на мојата работа во кол-центарот “.

Додека двете жени разговарале, Данијела почнала да верува дека може да најде баланс меѓу домот, работата и часовите. Таа се пријавила да студира психологија во Белград и се подготвувала за приемниот испит.

Меѓутоа, универзитетот одредил приемниот испит да се одржи во сабота.

Данијела побара помош од претседателот на Христијанската адвентистичка црква во Србија. Тој напишал писмо до универзитетот, но писмениот одговор бил негативен: „Извинете, не може да го промениме датумот поради едно лице“.

Данијела била крајно незадоволна. Се чинело дека универзитетот за неа е недосеглив. Таа ѝ раскажала на една своја роднина, високо образована жена, за своите потешкотии.

„Едноставно е“, рекла роднината. „Запиши се на некој друг универзитет кој нема приемен испит во сабота. По една година, префрли се на белградскиот универзитет“.

Данијела решила да појде на универзитетот во Нови Сад, град втор по големина во Србија, каде што приемниот испит се одржувал во петок. Таа го положила испитот.

Следната година била исклучително тешка. Данијела имала два дена седмично одмор. Во сабота, таа го славела Бога, во понеделник одела на часови на универзитетот. Во другите денови таа работела од седум наутро до три попладне, а потоа се возела на универзитетот на настава. Нејзината мајка ѝ помагала на тој начин што се грижела за својот внук.

„Се молев на Бога цело време и бев убедена дека ја правам вистинската работа“, вели Данијела. „Имав внатрешна сила која ме туркаше напред и да ги полагам испитите со високи оценки“.

По девет месеци, телекомуникациската компанија отпушти 10% од своите вработени, околу стотина луѓе, како резултат на реорганизација. И Данијела била меѓу отпуштените од работа. Таа гледала на оваа ситуација како благослов затоа што имала повеќе време за своите часови и за семејството.

Кога завршила првата година од студирањето, Данијела одлучила да не се префрла на Универзитетот во Белград, бидејќи професорите ја прифатиле, а воедно и нејзините верувања во врска со саботата.

Се покажало дека парите не се проблем. Нејзините оценки се подобриле кога престанала да работи, а универзитетот ѝ дал полна стипендија. Покрај тоа, таа нашла летна работа чистејќи куќи во Германија.

Родителите на Данијела биле горди кога дипломирала. Нивната радост се зголемила уште повеќе кога се запишала на постдипломски студии по психологија, дипломирајќи во октомври 2018 година.

Денес Данијела има четириесет и една година и работи во АДРА како теренски координатор на белградскиот центар за жени-бегалци.

Таа ја сака својата работа.

„Мојата работа не е досадна во моментов“, вели таа. „Бев многу среќна кога го добив ова работно место. Многу е креативно и динамично. Тоа е сè што отсекогаш сум сакала да го правам“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за црквата во Нов Белград да добие своја зграда.

Нов Белград се наоѓа во близина на Белград, каде што работи Данијела.





# Два неочекувани сина

Халина Пастушко, 65



Халина Пастушко од Полска одлучила дека не сака да има повеќе деца, откако ѝ се родила третата ќерка.

Но, кога имала четириесет и две години, истата година кога се родило нејзиното прво внуче, таа дознала дека е бремена веќе пет месеци.

Бременоста го алармирала нејзиниот доктор, кој бил загрижен дека бебето може да се роди со некои аномалии поради годините на Халина. Во тоа време, во Полска недостасувале простории за воспитување на деца со посебни потреби.

Докторот ѝ предложил абортус и ѝ дал телефонски број на Халина од лекар што спроведувал такви процедури.

Дома, Халина се обидела да му се јави и да закаже состанок, но не добила никаков одговор. Откажувајќи се од сè, таа се вратила на својата работа како сметководител во градскиот секретаријат во Румја.

Во меѓувреме, нејзиниот сопруг, Владислав, дознал од нивната ќерка дека неговата сопруга се обидува да закаже состанок со доктор за абортус и се упатил кон нејзиното работно место.

„Тоа е моја одлука", му рекла Халина. „Сакам да направам абортус".

Паѓајќи на колена, Владислав се молел: „Те молам, не го прави тоа".

Халина го прашала дали ќе ја напушти ако се подложи на абортус.

„Не", рекол тој. „Што и да се случи, јас никогаш нема да те оставам".

Срцето на Халина било трогнато.

„Во ред, ќе го родам и ова дете", рекла таа. Адам, здраво машко, се родил три и пол месеци подоцна. За прв пат, Халина сфатила дека луѓето можат да згрешат, без разлика колку е силно нивното мислење. Ако Бог сака да исполни нешто, тој ќе ги исполни своите планови.

Халина почнала да се прашува зошто нејзиниот сопруг оди во Адвентистичката црква. Таа не размислувала многу за Бога за време

на комунизмот во Полска.

Сепак, таа сега се чувствува благодарна на Бога за нејзиното здраво бебе и сака да направи нешто добро за Бога. Таа одлучила да стане адвентистка.

Без да знае сопругот, таа ја проучувала Библијата со адвентистичкиот пастор. Го изненадила својот сопруг, Владислав, кога се крстила за време на предавањата на еден камп.

Поминале неколку години, а Халина се запишала на адвентистичкиот факултет во Полска за да стекне високо образование. За време на наставата, таа била трогната од една приказна кога слушнала како некој човек со Даунов синдром раскажува за тешкотиите со кои се соочуваат лица со посебни потреби. Тогаш решила да ја напише својата теза на тема, како да се води грижа за децата со посебни потреби. Некаде во тоа време, таа се сретнала со физиотерапевт, кој ја запознал со 10-годишно момче со посебни потреби во дом за напуштени деца.

Халина веднаш го засакала Давид. Момчето било напуштено од неговите родители уште како бебе, а домот безуспешно се обидувал да најде семејство за да го посвои.

Халина се вклучи во владината програма што им овозможува на семејствата да ги однесат своите деца дома од детски дом за време на викендите. Нејзиниот сопруг и таа го носеле Давид кај себе дома секој петокот попладне и го враќале во детскиот дом во недела навечер.

## Во врска со искуството

1 Погледнете за Давид на јутјуб-клипот на линкот: bit.ly/Dawid-Briszke.

2 Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/two-unexpected-sons).

3 Сликите нз проектите на 13-тата сабота може да се преземат од: bit.ly/ted-13th-projects.

## Брзи факти

1 Марија Кири е родена во Варшава, Полска, на 7 ноември 1867 година. Со сопругот ги открила хемиските елементи Полониум (По) именуван според родната Полска. Во 1898 година го открила Радиумот (Ра). Таа е заслужна за терминот „радиоактивност“. Првата Нобелова награда за физика ја добила во 1903 година.

2 Најстариот готвач со полски рецепти датира од 1682 година. Јадењата имаат силно литванско, турско-татарско и германско влијание.

Една недела навечер, Давид не сакал да се врати дома. Се држел за столот и гласно плачел. Халина исто така плачела. Таа одлучила да го посвои Давида.

Халина го собрала семејството за да ја објави својата одлука. Сите се спротивставиле на нејзината идеја, освен најмладиот, Адам, кој имал дванаесет години. По ова семејно обединување, тој напишал нежно писмо до своите родители.

„Без оглед како може да реагира Давид, јас сакам тој да биде засекогаш дел од нашето семејство."

Халина решила да се пензионира рано за да може да му посвети повеќе време на Давид.

Иако таа имала околку педесет и повеќе години, судот брзо го одобрил посвојувањето.

На 2 јули 2009 година, Давид се вратил дома.

Неколку месеци по неговото посвојување, тој ја имал својата прва операција на нозете. Резултатите го разочарале лекарот, и тогаш тој ги известил дека момчето никогаш нема да може да проодi. Но лекарот не бил во право, колку и да било силно неговото мислење. Ако Бог сака да исполни нешто, тој ќе ги исполни своите планови. Давид имал уште четири операции и денес тој може да оди.

Давид, кој има седумнаесет години, е живо сведоштво за Божјата моќ да исцелува. Кога семејството оди некаде, луѓето се восхитуваат на Давид. Тие поставуваат многу прашања, а семејството одговара со ширење на евангелието. Тие поделиле преку двесте примероци од книгата „Големата борба" во текот на изминатата година.

Давид ја сака Библијата и научил неколку глави од неа. Неговиот омилен дел е Псалмот 23. Овие стихови го сумираат неговиот живот.

„Господ е Пастир мој, ништо нема да ми недостасува" (Псалм 23,1).

Ви благодариме што несебично ги приложивте вашите дарови на 13-тата сабота во 2017 година. Овие средства беа искористени за изградба на ТВ-каналот „Канал на надежта" во Полска, кој го пренесува евангелието до луѓето од областа на полското говорно подрачје.

ПОЛСКА | 2 мај 2020



# Една лоша одлука

Мариуш Мајковски, 55

По неколкумесечните редовни седмични богослуженија, седуммина затвореници во еден Полски затвор биле подготвени за крштавање.

„Но, како и каде да ги крстиме?“

Пасторот Мариуш Мајковски имал една идеја. Затворениците би можеле да бидат крстени во Балтичко Море за време на претстојниот митинг на младинскиот камп.

Мариус побарал од затворските власти дозвола затворениците да бидат ослободени во текот на четири дена, еден ден да отпатуваат со воз до морето, два дена за митингот во кампот и еден ден за да се вратат назад во затворот. Според полскиот закон, затворениците кои покажуваат добро однесување, а исполниле две третини од својата казна, имаат можност да го напуштат затворот во кратки временски периоди.

Затворските власти им издале специјални дозволи на шестмина од седумтемина затвореници, да тргнат на пат оддалечен 400 км, во Јарославец. Следната седмица, Мариус пристигнал во затворот со неколку верници од црквата за да одат заедно со затворениците на железничката станица.

Друг затвореник, Јурек, кога слушнал за крштевањата, решил и тој да се крсти. Бидејќи отслужил две третини од својата казна, бил ослободен од затворот еден ден пред тоа, и се договориле да ѝ се придружи на групата адвентисти во возот.

При патувањето со воз имале посебно радосни моменти. Еден верник на црквата ја извадил својата гитара, а групата весело пеела христијански песни.

За време на патувањето, возот пристигнал до станицата каде што било предвидено Јурек да се качи, но тој не се појавил.

Во сабота, шестемина затвореници се крстиле во Балтичкото Море.

Два дена подоцна, чуварите на затворот и другите затвореници се изненадиле кога ги виделе

сите шестмина затвореници. Се кладеле дека некој од нив ќе избега.

Меѓутоа, Јурек не се вратил, а била распишана и потерница за негово апсење.

Бидејќи полицијата го барала, тој не можел да најде работа. Се здружил со некои пријатели криминалци и го повикал и својот седумнаесетгодишен брат да им се придружи.

Една вечер, Јурек и неговиот помлад брат се пијанчеле во градскиот парк во Тор, во северниот дел на Полска. Една медицинска сестра поминала покрај нив возејќи се на велосипед. Носела торба со јаболки за нејзината колешка во болницата. Овие двајца ја опљачкале, ја силувале и ја задавиле.

По опширна полициска потрага, Јурек и неговиот помлад брат биле уапсени.

Дваесет години приказната за Јурек го мачела Мариуш. Тој бил толку близу до крштавањето. Кога само би се качил на возот, сигурно неговиот животен пат би течел поинаку.

Еден ден, една сестра од црквата му пристапила на Мариуш во Лублин, град на истокот, каде што тој служел како пастор. Таа му рекла дека нејзината сестра е во врска со поранешен затвореник, кому му требало место каде што би можел да престојува.

„Тој знае многу за Библијата“, му рекла таа. „Можеме ли ние како црква некако да му помогнеме?“

Пасторот го запознал овој човек, кој се викал Томек. Тој навистина знаел многу за Библијата и почнал да доаѓа во црква. Еден брат од адвентистичката црква му го изнајмил својот стан.

Меѓутоа, Томек негувал длабок гнев кон Бога. Честопати изразувал лутина, изговарал навредливи зборови кон Бога за време на проучувањето на Библијата во неговиот стан.

## Во врска со искуството

1. Погледнете го видеоклипот со Мариуш на: bit.ly/Mariusz-Maikowski.
2. Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/one-bad-decision).
3. Сликите за проектите на 13-тата сабота се достапни на: bit.ly/ted-13th-projects.

## Мисионски факти

1. Првата адвентистичка црква во Полска, всушност, денеска се наоѓа во Русија. Во 1888 година, Ј. Лаубхан и Х. Скубович се преселиле од Крим во тогашната источна Полска. Нивната тригодишна работа резултирала со црква во Зарновски во областа Волхинија.

„Вие верувате во Бога затоа што имате добро семејство и среќен живот", му рекол Томек на пасторот.

„Јас сум роден во дисфункционално семејство. Татко ми како и моите браќа, беа криминалци. Мајка ми беше алкохоличарка. Моите постари браќа ми плукаа во супата што требаше да ја јадам. Еден од нив често ме злоупотребуваше. Затоа, како можам јас да поверувам дека Бог е добар?"

Мариус размислувал како да одговори. За време на едно библиско проучување, тој зборувал за тоа како една погрешна одлука може да уништи нечиј живот. Потсетувајќи се на Јурек, ја раскажал неговата приказна.

„Гледаш, Томек, тој човек беше многу близу до Бога", му раскажувал Мариуш тој. „Сепак, една лоша одлука го уништи не само неговиот живот, туку и животот на неговиот помлад брат".

Томек пребледел, погледнал кон Мариуш со гневен поглед. Пасторот се исплашил. Двајцата мажи биле сами во станот, а Мариуш се сетил дека Томек е во затвор поради убиство.

Но, во тој момент Томек почнал да плаче. „Ова е неверојатно", низ солзи пропелтечил тој.

„Што зборуваш?" - прашал Мариуш.

Гледајќи во очите на пасторот, тој рекол: „Јас сум помладиот брат на Јурек".

Денес, Томек размислува за крштевање и се обидува да престане да пие. Неговото влијание во еден центар за рехабилитација довело до тоа две лица да се крстат. Неговиот брат, Јурек, останал во затворот.

„Приказната на Јурек покажува дека, кога сте близу до Бога и Тој ви се обраќа, треба да донесете одлука да застанете на негова страна - веднаш, без одложување", смета Мариуш.

Пророкот Исаија изјавува: „Барајте го Господа, додека можете да Го најдете; викајте Го додека е близу" (Исаија 55,6).

„Дел од оваа приказна е тажна", вели Мариуш. „Но, воедно таа ја покажува големата Божја сила и што таа може да направи во нашиот живот. Замислете, да го сретнете помладиот брат на Јурек дваесет години подоцна и да можете да му сведочите за Бога".

Ви благодарам за приложените средства за 13-тата сабота во текот на 2017-та год., кои беа употребени за изградба на ТВ-студиото „Канал на надежта" во Полска. Тој го емитува евангелието на полски јазик.





# Пријател со луѓето без пријатели во Финска

Лори Херанен , 60



Лаури Херанен, мрачно расположен, стоел крај гробот на својот пријател Микели во Финска.

Неговиот пријател, врсник, починал три години порано од тромб. „Јас можев да бидам во овој гроб“, смета Лаури.

Чувствувал како некој внатрешен глас му вели: „Дали знаеш каде ќе те одведе животот што сега го водиш? Дали навистина го сакаш тоа?“

Лаури, кој во тоа време имал четириесет и пет години, не можел да одговори на овие прашања. Но тие одекнувале во неговиот ум од ден на ден, „Ако умреш, знаеш што ќе се случи со тебе; ако умреш, знаеш што ќе се случи со тебе“.

Со страв, се сетил дека како дете слушал за второто Исусово доаѓање. Него го учеле дека грешните ќе бидат фрлени во вечен пекол. Тој немал пријатели христијани и не знаел кој може да ги слушне неговите стравови. Работите се влошиле кога отишол на лекар поради инфекција на увото, а му бил дијагностициран карцином на простата. Сега смртта му се чинела многу реална.

Лаури собрал храброст и решил да разговара со пастор на некоја христијанска црква. Пасторот се молел Бог да му ги прости гревовите на Лаури, а го повикал и Лаури да се моли Бог да му прости.

За време на молитвата нешто се случило во Лаури. Тој ги оставил гревовите под крстот, а неговото срце се исполнило со мир и радост.

Лаури искрено почнал да ја чита Библијата. Се изненадил кога увидел дека Евангелието според Лука зборува дека саботата е ден за одмор. Тој го прочитал Новиот завет трипати за да најде место каде што празнувањето на саботата се променило во недела, но не можел да најде.

Отприлика во тоа време, тој видел во еден весник оглас за евангелски состаноци во локална адвентистичка црква. Скоро една годи-

на подоцна, тој се придружил на црквата.

Сопругата на Лаури не го одобрувала неговото интересирање за Бога и побарала развод. Неколку години подоцна, Лаури се оженил со жена од адвентистичката црква, која се вика Паива, и се преселил во својот роден град.

Лаури копнеел да најде начини како да им сведочи на луѓето за Исус. По многу молитви, тој почувствувал желба да отвори мала продавничка за храна во рамките на Адвентистичката црква во Лахти.

„Поголемиот дел од Финците се крајно секуларни, и нивниот животен фокус е насочен кон материјалните добра и задоволствата на овој свет“, смета Лаури. „Во животот, не постои место за Исус. Тоа е причината што јас многу размислував за тоа како можам да допрам до нив. Продавничката со храна беше единствена можност.“

Оние што доаѓаат во црквата по храна двапати седмично, се претежно градежни работници и постари лица. Многумина се Финци, но

## Во врска со искуството

1. Погледнете за Лаури на јутјуб: bit.ly/Lauri-Herranen.
2. Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци ADAMS (bit.ly/friend-to-finland).
3. Слики за проектите на 13-тата сабота можат да се преземат од: bit.ly/ted-13th-projects.

## Брзи факти

1. Црквата во Финска е сопственик на Финскиот јуниорски колеџ (Suomen Kristillinen Yhteiskoulu), Дом за стари лица (Nurmikoti Oy) и издавачка куќа (Media7 Julkaisut), како и дописна библиска школа и медиумски центар.

Првиот адвентист во Финска бил поморскиот капетен А.Ф. Лундквист. Додека бил на море, тој се обратил благодарение на ангажирањето на браќата Плимут. Во 1885 година, тој ја купил книгата на Урија Смит „Даниел и Откровението“ од Џорџ Дру, адвентистички колпортер во Англија. Тој исто така ја купил книгата од Елена Вајт, „Големата борба“. Откако ги прочитал овие книги, тој почнал да ја празнува саботата и станал адвентист. Им останал верен на своите верувања сѐ до својата смрт во 1955 год. на 97-годишна возраст.

Финската унија има 62 цркви, 9 групи и 1.678 членови. Од 5,518,000 жители, тоа претставува соодност од 1 адвентист на секои 1.180 луѓе.

Официјалниот јазик во Финска е финскиот, кој го користат 90% од населението. 5,4% од населението зборува шведски. Домородниот јазик „Сами“ е официјален јазик во северниот дел на Лапонија.

Финците имаат најголема потрошувачка на млеко по жител.

има и Руси. Некои се соочуваат со финансиски проблеми. Повеќето се осамени, во потрага по пријателство, како Лаури кога копнеел по христијански пријатели со кои би можел да разговара.

„Во финското општество, тешко е да се разговара со другите луѓе за нивните лични проблеми, а особено за религијата", вели Лаури.

На почетокот, многу малку луѓе доаѓале да земат храна. Но, сега, по пет години, четириесетина луѓе доаѓаат секој понеделник и секоја среда. Оваа мала продавничка со храна допрела стотици луѓе и барем едно лице се крсти.

Продавничката со храна го привлекло вниманието и на некои неактивни адвентисти. Верниците на црквата, кои со години не присуствувале на богослуженијата, почнале, како доброволци, да доаѓаат и да помаат и полека да се вклучуваат во црковниот живот.

Лаури, кој сега има шеесет години, успешно се лекува од карцином и е во добра здравствена состојба. Тој веќе не се плаши од смртта.

„Мојот живот сега е во Христови раце. Јас со нетрпение го чекам неговото Второ доаѓање. Не се плашам од смртта".



ФИНСКА | 16 мај 2020

# Атеист сведочи за Христа

Рита Лиза Пелтонен, 73



Еско имал 63 години и бил болен кога се појавил во Адвентистичката црква Пикио во југозападна Финска.

„Не ми треба храна", ѝ рекол на Рита Лиза Пелтонен, додека земал зеленчук, месо и леб. „Тоа е за моите пријатели".

Рита Лиза благо го погледнала овој крупен човек. Мирисот на пот и неиспрана облека можела да се почувствува насекаде околу него. Тој имал сериозни проблеми со црниот дроб по долгите години тешко пијанство. Неговите очи имале нежен поглед.

„Дали сте христијанин?“ прашала Рита Лиза.

Еско погледнал во далечината.

„Ммм“, промрморел тој. „Јас си имам своја религија“.

Рита Лиза сфатила дека е атеист, како и мнозинството во Финска, која е високо секуларна држава со население од 5,5 милиони а само 4.800 адвентисти.

Еско доаѓал од седмица во седмица во црквата во Пикио, гратче со 7.500 луѓе, за да добие средства за своите пријатели, брачната двојка Паси и Криста. Рита Лиза дознала дека Паси има компанија што произведува кровови за куќи во блискиот пристаништен град Турк. Сепак, поради економската рецесија, неговиот бизнис пропаднал. За да се справат со неволјите, Паси и Криста пиеле многу.

Оваа брачна двојка се изненадила кога Еско прв пат дошол со некои работи што им биле потребни.

„Каде ја добивте храната?“ прашала Криста. „Дојди и види“, одговорил Еско.

Брачната двојка не дошла.

Тогаш, починал единствениот придружник на Еско, саканото куче. Постариот човек бил толку обесхрабрен што не можел да издржи да биде сам во куќата. Тој отишол во куќата на Паси и Криста, за таму да ја помине ноќта.

Криста се изненадила кога тој се помолил пред вечерниот оброк.

„Како тоа, атеист да се моли?“ – прашала Криста.

Никогаш порано не видела некој да се моли.

Љубопитна за однесувањето на Еско, одлучила да појде во црква и тоа самата да го провери. Таа го поканила да ѝ се придружи и нејзиниот сопруг. За да ја зајакнат својата храброст, Паси и Криста многу се напиле. Тие едвај можеле да стојат на нозе додека чекале на ред за храна во црквата. Брачната двојка се вратила и следната седмица, а потоа и следната. По некое време, Криста се заинтересирала за христијанските песни и за духовните пораки што ги изнесувале верниците на црквата додека луѓето ја добивале храната. Таа почнала да оди на саботните богослужби.

Еско ја забележал нејзината заинтересираност и се насмевнал.

„Сега мојата мисија е исполнета“, тивко ѝ рекол тој.

Кратко време по ова, кон крајот на 2017 година, тој починал.

Во меѓувреме, Криста престанала да пие и се крстила. Паси ја видел промената во нејзиниот живот и му го предал срцето на Исуса.

„Ја пронајдов верата“, рекол тој.

Тој се согласил да се крсти за време на летниот адвентистички камп во 2018 година.

Паси и Криста станале активни членови во црквата, учествувајќи на молитвените состаноци. Паси готвел во црковната кујна, подготвувајќи ја храната за луѓето што доаѓале во оваа мала продавничка. Огромната промена во неговиот живот станала видлива за сите. Една вечер, лицето му блескало од радост додека готвел.

Следното утро Криста го нашла мртов во нивната кујна дома. Имал 51 година.

Погребот се одржал во Адвентистичката црква, а службата оставила силен впечаток кај неговите роднини кои присуствувале на погребот.

Денес Криста, која има 40 години, е активен верник во црквата. Нејзината мајка, исто така, почнала да присуствува на саботните богослужби.

Сè на сè, десет луѓе се крстени во текот на пет години откако се отворила

## Во врска со искуството

1. Погледнете го видеоклипот на јутјуб со Рита Лиза на линкот: bit.ly/Riitta-Liisa.
2. Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци ADAMS (bit.ly/atheist-shares-Christ).
3. Слики за проектот на 13-тата сабота можат да се преземат од: bit.ly/ted-13th-projects.

## Мисионски информации

1. Меѓу 12. и 19. век, Финска била дел од Шведска пред да стане дел од руската империја. Таа се стекнала со независност за време на Руската револуција во 1917 година
2. Финска има околу 188,000 езера, затоа е именувана како Земја на 1000 езера.
3. Друго име за Финска е „Земја на полноќното сонце“. Во текот на летото, сонцето не заоѓа над хоризонтот на северот, туку свети и дење и ноќе.
4. Финска има интересна фауна. Сив волк, лакомец, лос. Национално животно е кафеавата мечка, а национална птица е крупниот лебед.
5. Финска е најуспешната земја во историјата на Олимписките игри во однос на златните медали во одредени спортови. Летечкиот финец Ханес Колехајнен освоил 3 златни медали во 1912 година во фрлање и трчање. Паво Нурми освоил вкупно 9 златни медали во 1920, 1924, 1928 година во трките на долги и средни патеки.
6. Најстудената температура измерена во таа земја беше 1999 година во местото Китили -51,5 степени целзиусови.
7. Во Финска има повеќе сауни отколку автомобили.

оваа мала продавничка за храна.

Рита Лиза му благодари на Бога за секое крштевање, меѓутоа, најмногу од сè му се восхитува на Еско.

„Тој беше атеист кој ги донесе своите пријатели кај Исуса. Беше многу среќен кога неговите пријатели почнаа да доаѓаат во црква. Тој ги водеше луѓето кон подобар живот“.



ФИНСКА / 23 мај 2020

# Демони и смрт

Тимо Флинк, 45

Лина одеднаш се свртела кон своите пријатели Анели и Тимо додека ја проучувала Библијата во нивниот дом во Рахе, фински град кој се наоѓа 600 км северно од главниот град, Хелсинки.

„Имам лошо чувство“, рекла таа. „Ајде, да се помолиме“.

Овие тројца универзитетски студенти паднале на своите колена. Во тој момент, во дневната соба се појавила висока, темна фигура, и се втурнала кон Анели. Младата девојка се затетеравила во голем ужас додека темната фигура се обидувала да ја дофати.

Тимо и Лина се молеле уште посесрдно.

Тогаш во собата се појавила светла фигура и ја истерала темната фигура, која стоела крај вратата, обидувајќи се повторно да влезе, но секој нејзин обид бил спречен. По околку десетина минути, темната фигура се откажала и ја напуштила собата.

Кога повторно се вратил мирот во собата, исплашените студенти се обиделе да објаснат што се случило. Лина го опишала судирот меѓу светлата и темната фигура. Тимо можел да ги види само светлите и темните сенки што се движеле покрај него на подот. Анели не сакала да зборува за она што го видела.

Подоцна, учениците дознале дека нападот следел во исто време кога се одвивало самоубиство во блискиот дом.

„Затоа го имав ова лошо чувство“, изјавува Лина.

Анели признала дека во минатото практикувала спиритизам и дека сè уште била малтретирана од злите сили. Сепак, Бог е помоќен. Кога по нападот била сама во кревет, видела како светла фигура влегува во нејзината соба и седи на креветот до раните утрински часови.

Демонските напади престанале откако Ангела се крстила во Христијанската адвентистичка црква.

Ова било првпат Тимо да се соочи со големата борба меѓу Христа и сатаната одблизу; но, не и последен.

Тимо, кој главно гласно спиел, се разбудил една вечер со чувство дека некој го набљудува во темнината. Потоа слушнал глас како вели: „Немој да се крстиш“.

Тимо, студент по инженерски софтвер, се подготвувал да се крсти во Адвентистичката црква. Тој гледал во темнината, но не можел да види ништо, а сепак можел да почувствува нечие присуство. Почнал да се моли и чувството за туѓо присуство исчезнало. Следниот ден, Лина му кажала дека некој се самоубил во близина на неговиот дом претходната ноќ.

„Дали знаете во кое време се случило тоа?“ ја прашал тој.

Таа знаела. Тоа било во истото време кога се разбудил.

Ноќното предупредување не го спречило Тимо да се крсти. Тој сакал да стане адвентистички пастор.

Неговите искуства со натприродни настани и самоубиства не престанале.

Еден ден, заедно со неколку други адвентистички пастори, се качил на ферибрд за еднодноќно патување до пасторска конференција во Шведска.

Таа ноќ тој немал мир. По неуспешниот обид да заспие, почувствувал ненадејна потреба да се моли. Наскоро, кога почнал да се моли, слушнал демонско смеење. Ужасниот звук не можел да се опише, нешто како манијакална смеа. Тимо чувствувал дека нешто лошо се случува, но не знаел што. Се молел во текот на два часа.

За време на појадокот, му пристапил еден постар пастор.

„Што се случи со тебе во текот на ноќта?“ – прашал пасторот. „Светиот Дух ми рече да се молам за тебе“.

Тој се разбудил во текот на ноќта и се помолил за Тимо.

Потоа, друг пастор се приближил до масата на Тимо.

## Во врска со искуството

1 Лина и Анели се псевдоними што ги користи Адвентистичката мисија за заштита на приватноста на овие жени.

2 Види го видеоклипот за Тимо на јутјуб: bit.ly/Timo-Flink.

3 Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци ADAMS (bit.ly/demons-and-death).

Сликите на проектите на 13-тата сабота можат да се преземат од: bit.ly/ted-13th-projects.

## Брзи факти

1 Шумите, меѓу кои се борот, смреката и брезата, покриваат 86% од територијата на Финска, со што оваа земја е најголемата шумска област и најголем производител на дрва во Европа.

Национален спорт во Финска е Песапало, спорт сличен на бејзбол, со тоа што фрлачот стои покрај тој што удира и ја фрла топката нагоре, а ударачот ја погодува пред таа да падне.

„Дали знаете што ми се случи минатата ноќ“, рекол тој. „Се разбудив среде ноќ и имав голема потреба да излезам надвор, да подишам свеж воздух. Кога излегов на палубата, видов еден човек како се подготвуваше да скокне во морето.“

Пасторот го грабнал човекот и почнал да го влече назад кон палубата. Потоа цел час поминал разговарајќи со него и убедувајќи го да не се самоубие.

Кога тројцата пастори го споредиле времето на ноќните настани, сфатиле дека сите три работи се случувале истовремено.

Тимо, кој сега има 45 години, работи како секретар за комуникации при Адвентистичката црква во Финска. Тој увидел дека трите настани со самоубиствата и натприродните случки се доказ дека големата борба меѓу Христа и сатаната е многу реална.

„Таа се одигрува насекаде околу нас“, вели тој. „Нешто што навистина охрабрува во ова е фактот дека Исус веќе победил. Ние нема од што да се плашиме. И покрај овие натприродни и застрашувачки настани, Исус постојано нè штити. Онаа друга страна, не може ништо да стори.“




НОРВЕШКА / 30 мај 2020

# Маица за која се разговара

Глен Ли, 55

Глен ја навлекол својата омилена зелена поло-маица и се качил во подземната железница во Осло, Норвешка.

Педесет и петгодишниот учител се надевал дека луѓето ќе гледаат во него. Не морал да чека долго за да се случи тоа.

Глен седнал наспроти елегантно облечена жена, која делувала како да е на возраст во своите рани шеесетти години. Жената гледала во него, а потоа во неговата маица. Нејзиниот поглед запирал на маицата. Од левата страна биле извезени зборовите „Адвентистичка авиокомпанија, стјуард Глен Ли“, и слика од авионот.

Глен не кажал ништо. Знаел дека жената се прашува себеси дека никогаш не чула за адвентистичка авиокомпанија.

По околу пет минути, жената проговорила: „Простете“, прашала таа. „Никогаш не сум слушнала за оваа авиокомпанија. Дали работите таму?“

„Да“, одговорил Глен.

„И каде летате?“

„Имаме само една дестинација“.

„Навистина“, одговорила жената изненадено.

Таа не ја побарала дестинацијата, а Глен не брзал да се наметне со понатамошен разговор.

По неколку минути, жената прашала: „А дали е многу скапо?“

„Не, билетите се бесплатни“.

Сега жената била сосем изненадена. „Молам?“ извикала таа. „А зошто билетите се бесплатни?“

Сега било време Глен да направи пауза. Љубопитноста на жената се зголемувала. Конечно, Глен проговорил: „Билетите се бесплатни, бидејќи тие се платени пред 2.000 години“, рекол тој.

За момент, жената делувала замислено. Сфаќајќи, одеднаш нејзините очи заискриле.

„Разбирам“, одговорила таа.

Направила пауза. „Сепак, тешко ми е да поверувам во Небото“, му рекла.

„Зошто?“ прашал Глен.

„Имав лоши искуства со религијата додека растев“, одговорила таа.

Вакви приказни Глен слушнал многу пати: луѓе кои го отфрлиле христијанството поради лошата слика што ја виделе кај други христијани. Норвешка е високосекуларна држава и со децении се намалува бројот на верници во многу цркви. Христијанската адвентистичка црква не е исклучок. 4.500 верници се борат да се пробијат во оваа скандинавска земја со 5,3 милиони луѓе.

Во метрото, Глен почувствувал дека жената копнее по нешто подобро.

„Можеби ќе го најдете својот пат ако ја истражувате Библијата со свои очи“, рекол тој.

Кога ги слушнала овие зборови, жената видливо се опуштила во скоро празниот вагон. Почнала да зборува слободно со Глен за нејзините сомнежи и прашања во следните 20 минути, а потоа станала.

„Овде морам да слезам“, рекла таа. „Ви благодарам на разговарот. Ми оставивте многу простор за размислување. Треба да спроведам некои истражувања.“

„Сигурен сум дека ќе го пронајдете патот. Ќе мислам на вас“, рекол тој.

Глен тоа навистина и го мислел. Оваа жена била причината што ја облекол онаа поло-маица и се возел во метрото.

Глен носи маица со кратки ракави колку што може повеќе во текот на топлите летни месеци. Додека го прави тоа, маицата ги привлекува погледите. Понекогаш погледите водат до разговор.

„Не сум многу храбар“, објаснува Глен во интервјуто. „Не можам да одам да им ѕвонам на луѓето на врата. Тоа е нешто што за мене не е пријатно“.

Но, тој го сака Исуса и сака да биде вклучен во ширењето на евангелието. Тој исто така ги сака авионите. Затоа, Глен нарачал квалитетна маица од една онлајн компанија која произведува облека во Германија.

Компанијата, на негово барање му отпечатила маица со слика на авион и со неговото име на неа.

„Ако можам да бидам орудие кое им помага на луѓето да се вратат кај Бога, тоа за мене е фантастично“, кажува тој.

Глен не знае дали некој бил привлечен кон Исуса или кон Адвентистичката вест поради неговата маица, но убеден е дека Светиот Дух може да ја употреби маицата за да започне разговор.

„Ајде да се сретнеме со луѓето таму каде што тие се наоѓаат. Мојата работа не е некого да го направам адвентист. Тоа е работа на Светиот Дух. Нашата работа се состои во тоа да сееме, а Бог ќе се погрижи за жетвата.“

Глен Ли (55) е учител во Адвентистичката школа во Остмарк, со околу стотина ученици од прво до десетто одделение во Осло, Норвешка. Тој е исто така член и поранешен пастор за млади во адвентистичката црква Бетел, која доби средства од даровите на 13-тата сабота во 2017 година и отвори младински центар во својот подрум.

## Во врска со искуството

Глен ја споредува црквата со авион, со Исус во пилотската кабина и мисионски ориентиран екипаж како стјуарди. Еве неколку прашања што тој ги сугерира дека би требало да се поставаат во саботношколската класа: Ако нашата црква беше авиокомпанија, како ќе изгледаше тоа? Од која причина треба луѓето да изберат да летаат со нас, а не со конкурентите, како што е материјалистичката авиокомпанија или атеистичката авиокомпанија? Што е тоа што можеме да им понудиме на луѓето, а не можат да го најдат на друго место?

1 Погледнете го видеоклипот за Глен на јутјуб: bit.ly/Glenn-Lie.

2 Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци ADAMS (bit.ly/shirt-to-talk-about).

3 Слики за проектите на 13-тата сабота можат да се преземат од: bit.ly/ted-13th-projects.





# Проповедање на слепи

Ојстин Хоганвик, 61

Двајца луѓе проповедале во Норвешка. Првиот проповедник бил убаво облечен и, според размислувањето на земјоделецот во скромна работна облека кој седел во еден агол од собата, бил малку арогантен.

Отворајќи ја книгата, првиот проповедник прочитал цитат од Елена Вајт, една од основачите на црквата. Земајќи друга книга, тој прочитал уште еден цитат од Елена Вајт. Целата негова проповед се состоела од цитати на Елена Вајт.

Тоа не му пречело на Ојстин Хоганвик, триесетгодишен земјоделец кој седел во задниот дел на просторијата.

Потоа, станал и другиот човек да проповеда. И тој бил добро облечен, но неговиот костум бил стар, неколку пати потшиен. Чевлите му биле чисти, но износени. Тој не читал многу од другите книги, и наместо тоа, тој проповедал од срце.

Искреноста на проповедникот го допрела срцето на Остин, но тој воопшто не се согласувал со темата. Всушност, се нашол дури и навреден.

Проповедникот го забележал тоа и му пристапил по проповедта. Го поздравил земјоделецот и учтиво го прашал како се вика. Го прашувал за неговата работа, за семејството, а не кажал ниту збор за проповедта.

По неколку минути, проповедникот побарал дозвола да се моли за Ојстин. Додека се молел, во умот на Остин се одвивал жесток судир. „Како можеш да дозволиш еден човек да се моли за тебе кога ти си толку многу настроен против неговата проповед?“ се прашувал себеси Ојстин.

Тогаш почувствувал дека Бог му порачува: „Треба да веруваш во Мене“.

Кога се вратил на фармата, Ојстин одлучил дека ќе докаже дека проповедникот греши. Поминувал часови и часови читајќи ја Библијата. Купил и снимки со проповеди во врска со темата што го повредила и пронашол различни видувања на адвентистичките проповедници. Се чувствувал како Исус да го напушта. Поминала една година, и тој бил целосно збунет.

Еден ден, Ојстин повторно ја читал сторијата за тоа како Исус му го вратил видот на слепиот Вартимеј, запишана во Марко 10,46-52. Додека читал, тој се одушевил од помислата дека, всушност, самио тој е Вартимеј. Иако секогаш имал одличен вид, тој бил духовно слеп и требало да го повика Исуса да му ги отвори очите.

Ојстин ја отворил устата и повикнал: „Подари ми духовен вид“.

Во истиот момент, тој почувствувал желба да го пронајде во својата Библија извештајот за двајцата ученици кои оделе без да знаат дека е Исус со нив на патот за Емаус (Лука 24). Додека патувале, Исус ги поучувал од Библијата за себеси, но овие двајца, и покрај тоа, не го препознале. Нивните очи се отвориле дури тогаш кога се молеле за храната во нивниот дом.

Ојстин се потсетил дека дванаесетте апостоли биле со Исуса повеќе од три години, а сепак биле духовно слепи за Исусовата мисија и крстот.

Сфатил дека тој, петта генерација адвентист, целиот свој живот бил со Исуса, но останал духовно слеп бидејќи се држел за своето лично разбирање наместо да бара од Светиот Дух да му ги отвори очите. Исус не го напуштил, но Ојстин бил во опасност да го напушти Исуса поради љубовта кон сопствената вистина.

Таа година, кога се обидувал да го побие проповедникот, тој никогаш не се молел Господ да му ги отвори очите. Само сакал да докаже дека проповедникот не е во право.

За првпат, Ојстин ги затворил очите и се молел Бог да му ги отвори.

„Од тој ден, Библијата стана жива Реч за мене“, кажува тој во интервјуто. „Секој извештај од евангелијата повеќе не беше за луѓето што живееле во времето на Исус. Тоа беа стории што можев да ги применам на себеси и кои значеа нешто за мене“.

Снимките од Библијата и списите на Елена Вајт му делувале како нешто ново за него, додека поминувал долги часови работејќи на

## Во врска со искуството

1 Погледнете го видеоклипот за Ојстин на youtube: bit.ly/Oystein-Hogganvik.

2 Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци ADAMS (bit.ly/preaching-to-blind)

3 Слики од проектите на 13-тата сабота се достапни на: bit.ly/ted-13th-projects.

## Брзи факти

1 Адвентистичкото списание „Тиденде", данско-норвешки весник било првото неанглиско издание на списанието објавено од Џон Г. Метсон, дански емигрант во Соединетите Американски Држави.

фармата. Неговото срце се преобразило, а интелектуалното знаење станало жива, практична реалност.

Една година подоцна, Ојстин почнал да сведочи со своето искуство во црквите во Норвешка. По некое време, црковните водачи од источната Норвешка област го повикале да работи како проповедник.

Денес, Ојстин има 61 година и сè уште е сопственик на фарма. Сепак, тој го користи своето време и енергија за да го сее евангелието. Изминативе девет години, работел како пастор со полно работно време. Тој води две цркви во Осло и Јесхајм.

Ојстин пораснал првенствено во црква, слушајќи ја својата мајка како свири на органа и својот дедо како проповеда. Тој се крстил на седумнаесет години. Отсекогаш бил адвентист и секогаш сакал да биде адвентист. Меѓутоа, вели тој, бил духовно слеп сè додека не го замолил Исуса да му ги отвори очите.

„Од тоа време, Библијата и книгите на Елена Вајт станаа дел од мојот живот", изјавува тој.

Ви благодарам што со своите дарови на 13-тата сабота во 2017 година помогнавте подрумот на адвентистичка црква Бетел во Осло да се претвори во „центар на влијание", социјален центар за млади.





# Зошто да страдаме?

Аксел Домингез, 31

*Ова лично искуство нека го изнесе машка личност за време на саботната школа.*

Сестра ми се самоуби кога имаше 14 години.

Скршена од тага, мајка ми реши да има уште едно дете, девојче. На нејзино разочарување, таа ме роди мене, момче.

Мајка ми ме одгледа во јужниот португалски град Фаро, заедно со брат ми кој беше девет години постар. Татко ми живееше на Блискиот Исток, работејќи на градилишта.

Мајка ми постојано беше тажна. Таа тага се продлабочи кога се разведе од татко ми и кога брат ми го напушти домот. Тогаш беше хоспитализирана и ѝ открија рак. На 11-годишна возраст бев испратен да живеам со моите роднини.

Мајка ми никогаш не одеше во црква, но роднините ме водеа секоја недела. Кога го запознав Бога, се молев мајка ми да биде исцелена. Поминаа две години, а мајка ми почина. Тоа немаше никаква смисла за мене. Решив да ја прифатам идејата дека Бог е само некоја бајка.

Престанав да одам во црква, и кога татко ми се врати во Португалија, се преселив кај него и живеев со неговото ново семејство.

Животот ми тргна во погрешен правец кога се запишав на универзитет. Пиев и користев дрога. Слушав погрешна музика и практикував сатанизам. Неколку средби со духовни битија ме исплашија, и тогаш сфатив дека постои духовна реалност зад она што луѓето можат да го видат со голо око.

Во раните дваесетти години почнав да го жнеам она што го сеев. Живеев во постојан страв од зли духови. Сакав да се откажам од пушењето и дрогата, но не можев.

Тогаш дознав дека еден мој пријател, наркоман атеист, се крстил.

„Што се случува со тебе?“ го прашав. „Зошто се крсти?“

„Ја читав Библијата и поверував“, рече тој.

Поради некоја причина, му се отворив за моите стравови од злите духови. Тој внимателно ме слушаше.

„Гледај, зошто не почнеш да ја читаш Библијата?“ ми рече тој.

Тоа беше добро прашање. Бог повеќе не ми се чинеше како бајка. Знаев дека постојат зли духови, чувствував дека посилна сила ги задржува. Почнав да ја читам Библијата и да се молам.

Додека читав, чувствував јасен глас во мене кој ми рече: „Остави ги своите зависности“.

„Не сакам да се откажам од ништо“, си мислев, „сѐ уште можам да уживам во некои зависности“. Потоа ми дојде мислата дека јас никогаш не можам да прекинам со зависностите една по една. Зошто да не се обидеш да ги оставиш сите одеднаш?

Во тој момент слушнав еден лош глас во мислите.

„Што правиш?“ – праша.

Кога го слушнав гласот, сфатив дека нешто сериозно се случува. Веднаш престанав со сите мои зависности.

Бев среќен што можам да ја читам Библијата. 1. Мојсеева 3 глава ми покажа дека Бог не го заборавил човекот кога паднал, туку имал план на спасение. Видов дека пророштвата за Израелците се исполниле. Мојата вера порасна. Сфатив дека Библијата не е фикција.

Поминаа месеци, а јас дипломирав и се преселив во Даблин, во Ирска, за да работам како инженер за софтвер.

Еден ден, поранешен мој пријател, кој беше атеист, ми испрати проповеди на јутјуб за потеклото на гревот. Ми се допадна говорникот, адвентистички евангелист. Барав некои други негови проповеди. Меѓутоа, кога зборуваше во проповедта за саботата како ден за одмор, ја отфрлив неговата порака како премногу чудна.

Меѓутоа, не можев а да не мислам на празнувањето на саботата. Зборот за сабота во мојот мајчин јазик, португалскиот, е sabado или сабота. Сметав дека постои библиско објаснување зошто христијанскиот свет ја празнува неделата, па решив да го пронајдам тоа во Библијата. Но, јас не најдов никаков стих кој зборува за промена на празнувањето на саботата во недела.

Се вратив на адвентистичкиот евангелист на јутјуб. Неговите проповеди за саботата и пророштва за крајот на времето имаа смисла. Ја прифатив Христијанската адвентистичка црква како Божја црква.

Наоѓајќи ја адресата на Адвентистичката црква на Интернет, отидов на богослужение, а подоцна и на библиски проучувања. Почнав да сфаќам зошто доживеав толку многу страдања во детството. Тоа не беше поради Бога. Тоа беше поради гревот и лошите избори што ги направив јас и другите луѓе во мојот живот. Како што вели Давид во псалмите, „Оние што следат туѓи богови, ги намножуваат своите страдања; јас нема да ги принесувам нивните крвави преливи и со устата своја нема да ги спомнам нивните имиња“ (Псалм 16,4).

Имав 26 години кога се крстив.

Денес сум среќно оженет со Џоана, медицинска сестра од Бразил, со која се запознав во Адвентистичката црква во Даблин. Таа исто така беше крстена во Ирска. Работиме заедно така што држиме библиски часови и им помагаме на луѓето надвор од црквата. Му се молиме на Бога да ни покаже што Тој сака понатаму да правиме.

Ви благодариме за даровите на 13-тата сабота од 2017 година, кои помогнаа да се отвори црква и центар на влијание во новото место на живеење на Аксел, во Даблин, Ирска.

Искуството му го изнесе лично Аксел Домингез на Ендру Мекчииз.

## Во врска со искуството

1. Замолете некое машко да ја изнесе оваа сторија како лично искуство.
2. Погледнете го видеоклипот со Аксел на јутјуб: bit.ly/Axel-Domingues.
3. Преземи слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци ADAMS (bit.ly/why-suffer).

Слики од проектите на 13-тата сабота може да се преземеат од: bit.ly/ted-13th-projects.

## Мисионски информации

1. Во 1861 година, списанието Ривју енд Хералд објавило писма од Ирска, во кое се забележува дека 5 лица почнале да ја празнуваат саботата како свет ден, како резултат на читањето книги и материјали добиени од роднини од Соединетите Американски Држави.



photo: Pixabay

# Проштавање по разводот

МЕРИ

Мери го напуштила сопругот кога имала 30 години. Таа имала библиска причина за разводот, но не кажала никому затоа што не сакала јавно да ги изнесува приватните работи. Покрај тоа, свекорот и свекрвата биле почитувани членови на локалната Адвентистичката црква, која таа продолжила да ја посетува.

Верниците во црквата не можеле да разберат зошто бракот на Мери завршил, и тие ја обвинувале неа за тоа. Неколкумина отворено ѝ кажале дека ќе го изгуби спасението поради тоа што напуштила својот сопруг.

Мери, која не била воспитана во адвентистичката црква, престанала да доаѓа во црква во сабота и се преселила во друг крај на државата за да започне нов живот.

Меѓутоа, внатрешните демони ја мачеле. Иако никој не ја осудувал поради разводот во новиот град, таа да се почувствувала како неуспешна. Се прашувала дали Бог ја сака, без оглед на нејзиниот развод.

Очајно барајќи одговор, отишла на Интернет и го напишала зборот „Бог“. Огромниот број резултати ја преплавиле. Го исклучила компјутерот.

Вклучувајќи се на телевизија, таа ги вртела каналите. Еден канал, воден од харизматична христијанска деноминација, го привлекол нејзинот внимание, но исцелувањата и зборувањето јазици ја исплашиле. Таа одбила понатаму да го гледа тоа, но забележала седмична програма што ја водела една жена-говорник на тој канал. Жената зборувала смирено, со многу емоции. Мари редовно ја следела нејзината програма во текот на неколку седмици.

Една вечер, жената почнала да зборува за проштавањето.

„Никој не може да простува самостојно“, рекла таа. „Потребна ви е помош од Бога“.

Овие зборови се вртеле во умот на Мери во текот на следниот ден додека се возела со својот автомобил до работното место. За почеток, сфатила дека треба да им прости на својот поранешен сопруг и на неговите родители, на невнимателните црковни верници, а најмногу од сè, на самата себе.

Почувствувала огромна желба да му се моли на Бога за помош.

Плачејќи, таа се обидувала да се моли, но солзите ја спречувале да вози и да се моли во исто време. Го запрела автомобилот покрај патот.

„Сакам да простам, но не можам да го сторам тоа“, рекла таа . „Ако го добијам проштавањето како дар, ќе Те следам“.

Одговорот дошол скоро веднаш.

„Ќе ти помогнам“, рекол нежен машки глас.

Мери плачела уште посилно. Но, сега плачела од радост. Таа знаела дека небото ја слушнало нејзината молитва и ветило дека ќе ѝ помогне.

Останала во автомобилот покрај патот уште триесетина минути. Му ветила на Бога дека ќе Го следи, но не била сигурна како ќе го оствари тоа.

„Јас пораснав како адвентистка“, се молела таа. „Како треба сега да живеам?“

Еден одговор ми дојде на ум: читај ја Библијата и списите на Елена Вајт.

Мери се вратила во својот дом да се измие, а потоа заминала работа. Задоцнила еден час.

По работата, таа ја отворила Библијата и почнала да чита. Читала во секој слободен момент. Ноќе, кога не можела да заспие, станувала и читала. Мери никогаш не уживала да чита книги, но сега имала незаситена желба да чита.

„Читам затоа што сакам да откријам кој е Бог“, кажува Мери во интервјуто. „Имав толку голем глад за библиските вистини“.

За една година, таа ја прочитала Библијата три пати и пет книги на Елена Вајт.

Собирајќи храброст, таа разговарала со нејзиниот локален пастор на адвентистичката црква околу нејзиниот развод. Тој основал мала група за проучување само заради Мери. Се надевал дека групата ќе ја врати назад во црква и кај Бога.

## Во врска со искуството

1. Списанието „Адвентистичка мисија“ не го објави вистинското име на Мери и не го открива нејзиното место на живеење од почит кон приватноста на роднините и верниците на црквата кои ги сака.
2. Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци ADAMS (bit.ly/ forgiveness-after-divorce).
3. Слики од проектите на 13-тата сабота може да се преземат од: bit.ly/ted-13th-projects.

Мери ја сакала групата.

„Бев толку восхитена бидејќи ме исполнуваше сето она што го читав“.

По евангелската серија предавања, Мери почнала редовно да доаѓа на саботните богослуженија во црква.

По некое време, таа ги се сретнала со нејзините поранешни свекор и свекрва. На нејзино изненадување, не се чувствувала посрамено и воопшто немала непријатни чувства кон нив. Тие станале пријатели.

Мери им простила и на членовите на црквата кои биле безобѕирни кон неа. Таа дури не може да се сети ни на нивните имиња.

„Чувствувам дека ми е простено“, изјавува таа. „Јас сум исполнета со мир“.

Денес Мери е активен верник во својата локална црква и водач на проектите на 13-тата сабота во Трансевропската дивизија. Таа сè уште ја чита Библијата секој ден, ја чита целата најмалку еднаш годишно и секој ден поминува околу еден час читајќи ги списите на Елена Вајт.

Во едно интервју, нејзините очи се наполниле со солзи додека се присетувала на денот кога Бог ѝ помогнал да им прости на другите, а и на самата себеси.

„Го добив проштавањето како дар“, вели таа. „Овој настан засекогаш ја промени мојата заедница со Бога“.

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Сигурен сум во Христа“ - Од Песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 148 |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Дружење со чистач на кондури“ |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | „Исус, силен пример“ - Од Песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 311 |
| **Завршна молитва** | |

**Забелешка:** *Учесниците не мора напамет да ги учат своите делови за да ги изнесат вестите, туку да бидат доволно запознати со материјалот, за да не мора да читаат сè од текстот. Извежбајте ја целокупната програма за учесниците да можат да се чувствуваат пријатно и по потреба да го нагласат она што сметаат дека е важно.*

## Во врска со искуството

1 Погледнете за Филип и Јулијан на јутјуб: bit.ly/Yulian-Jankov.

2 Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци ADAMS (bit.ly/befriending-shoeshiner).

3 Сликите за проектот на 13-тата сабота може да се преземат од: bit.ly/ted-13th-projects.

Сликите со голема резолуција за проектите за 13. сабота можете да ги симнете од АДАМС базата на податоци bit.ly/ECD-projects-2020.

## Мисионски информации

1 Првиот адвентист што отишол на Кипар бил Мозес Бурзалиан, Ерменец кој избегал таму со своето семејство од Антиохија во Турција во 1912 година. Со години, тивко продавал разни украси што ги правело неговото семејство, одејќи од село во село на магаре и проповедајќи им на ближните за своите верувања. Подоцна, неговиот син Џон станал првиот адвентист колпортер на островот.





# Дружење со чистач на чевли

Филип Дмитров , 49 и
Јулијан Асенов Јанков, 49

Еден човек што чистел чевли го привлекол вниманието на Филип Дмитров во главниот град на Кипар, Никозија. Застоена миризба на чад од тутун била прилепена за неговата облека, а рацете му се треселе поради алкохолизам.

Филип не побарал човекот да му ги исчисти чевлите.

„Како си другар?“ го прашал Филип, зборувајќи на бугарски јазик. „Дали ти треба некаква помош?“

Човекот, Јулијан Јанков, бил изненаден. Никој не му поставил такво прашање откако пред десет години се преселил од Бугарија на Кипар. Убаво било да се чуе како некој покажува интерес за него.

Но, Џулијан останал без збор.

„Исус нè сака сите нас, без разлика во каква ситуација се наоѓаме“, продолжил Филип. „Тој го дал својот живот за нас“.

Јулијан се одушевил кога го слушнал спомнувањето на името Исус.

Следниот ден, Филип повторно дошол кај овој човек.

„Како си другар?“ – прашал. „Дали ти треба помош?“

Јулијан се изненадил што се вратил овој непознат човек. Повторно, Филип не го замолил овој човек да му ги исчисти чевлите. Наместо тоа, тој го охрабрил Јулијан да не ги троши парите на алкохол и цигари.

„Би било паметно да оставате пари на страна“, му рекол тој.

Филип доаѓал секој ден и му се обраќал на човекот. На крајот, се запознале лично по име и почнале да разговарат. Јулијан му рекол дека по пристигнувањето на Кипар со семејството, работел градежништво, но ја изгубил работата и бил исфрлен од куќата поради тоа што постојано бил пијан.

„И семејство ме отфрли“, рекол тој. „Еден по еден, дури и моите најблиски пријатели ме напуштија“.

Еден ден, Јулијан го одвел својот пријател во напуштената зграда, каде што спиел. Гледајќи го ова, очите на Филип се наполниле со солзи. Јулијан спиел на тврда земја. Тој немал ништо друго освен облеката што ја носел. Неговата заработка одела само на алкохол и цигари.

„Многу си поминал во животот“, нежно му рекол Филип. „Си го уништил животот и сега треба да направиш нешто во врска со тоа. Потребна ти е помош. За Бога ништо не е невозможно. Бог те сака, да го знаеш тоа“.

Филип почнал да му зборува за Бога и да се моли со Јулијан. Јулијан почувствувал дека Филип видел нешто вредно во него. Почнал да ја препознава Божјата љубов во својот живот.

Еден ден, Филип рекол: „Наскоро ќе наполниш 50 години, а до сега си му служел само на сатаната. Време е да му го предадеш животот на Христа и Тој ќе те благослови“.

Јулијан сакал промена во својот живот.

„Подготвен сум да му го предадам животот на Бога“, одговорил тој.

Иако многу пиел, веќе 35 години, тој ден престанал да пие алкохол. Иако бил тежок пушач 35 години, се откажал од пушењето една недела подоцна.

Филип и Јулијан ја проучувале Библијата заедно. Овие двајца оделе на библиски проучувања на бугарски јазик, што Филип ги водел на различни места во Кипар.

Јулијан дознал дека Филип потекнува од Бугарија, дека бил ангажиран како проповедник-лаик од Христијанската адвентистичка црква на овој медитерански остров. Во текот на три години од Филиповата работа, биле крстени осум лица. Ова е значителен број обратени души за оваа држава, во која Адвентистичката црква брои само 103 верници меѓу население од 1,1 милион.

Јулијан станал деветтиот крштеник кога бил нурнат во водите на Средоземното Море, на 23 јуни 2018 година.

По крштавањето, во неговиот живот почнале да се случуваат убави работи. Тој нашол работа во кујната на некој хотел, каде дури му била овозможена и слободна сабота, што е реткост на Кипар. Неговото семејство повторно го примило назад.

Тој го дели неговото сведоштво со сите што сакаат да слушаат за Божјата љубов.

„Од денот на моето крштавање, не можам да престанам да му благодарам на Бога за сè што направи во мојот живот и за она што тој ќе го прави за секоја душа“, кажа Јулијан за време на интервјуто. „Секогаш кога ќе се запознаам со некоја нова личност, сакам да ја споделувам мојата приказна и да велам: „Ако Бог можеше да го направи тоа за мене, тогаш сигурно може и за тебе.“

Дел од даровите на 13-тата сабота во ова тримесечје ќе бидат искористени за изградба на толку потребната црковна зграда и социјален центар во кој ќе можат да се собираат три адвентистички цркви во Никозија, главниот град на Кипар. Ви благодарам за обилните дарови на 13-тата сабота, како за овој така и за другите два проекта на Трансевропската дивизија.

*(Приложување на даровите може да тече со придружба на инструментална музика)*

## Идни проекти на 13-тата сабота

Проектите што ќе бидат во фокусот на следното тримесечје доаѓаат од Западната централноафриканска дивизија при Генералната конференција на Христијанската адвентистичка црква:

- Изградба на академијата „Кобаја“, школа од 1 до 12 одделение, во Конакра, Гвинеја.
- Отворање на основно училиште / центар на влијание во Бушанана, Либерија.
- Основање на медицински центар во Абуџа, Нигерија.



# Извор на информации за читателите

За повеќе информации за разновидното културно наследство на Кипар, Финска, Ирска, Норвешка,Полска и Србија (ТЕД), обратете се до својата локална библиотека, туристичка агенција или амбасада на посакуваната земја. Внесете го името на земјата во вашиот интернет пребарувач.

Следните вебсајтови можат да ви бидат од полза:

| | |
|---|---|
| Cyprus: government website | bit.ly/CypGovt |
| Visit Cyprus | bit.ly/VisitCyp |
| Finland: government website | bit.ly/FinGovt |
| Discovering Finland | bit.ly/DiscFin |
| Ireland: government website | bit.ly/IreGovt |
| Discover Ireland | bit.ly/DiscIre |
| Norway: government website | bit.ly/NorGovt |
| Visit Norway | bit.ly/VisitNor |
| Poland: government website | bit.ly/PolGovt |
| Poland Travel | bit.ly/PolTrav |
| Serbia: government website | bit.ly/SerbGov |
| Lonely Planet | bit.ly/LPSerb |

| | |
|---|---|
| Seventh-day Adventist | |
| Trans-European Division | bit.ly/SDATED |
| South-East European Union Conference | bit.ly/SEEUC |
| Polish Union Conference | bit.ly/SDAPolUC |
| Norwegian Union Conference | bit.ly/SDANoUC |
| Finland Union of Churches Conference | bit.ly/SDAFinUCC |
| Irish Mission | bit.ly/SDAIreMiss |
| Cyprus Section | bit.ly/SDACypSec |

ГРАДИВО 2/2020
**Вести од светот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Подготовка и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**